**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-64

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од НЕПТ Холдингс С.а.р.л. (NEPT Holdings S. à r.l.), приватно друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на 124, bld de la Petrusse, канцеларија 404, L-2330 Луксембург,, доставено преку полномошник Елена Мицева Стојчевска, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 31.08.2018 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која НЕПТ Холдингс С.а.р.л. (NEPT Holdings S. à r.l.), приватно друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на 124, bld de la Petrusse, канцеларија 404, L-2330 Луксембург, Фондацијата Луски, со регистрирано седиште во Herrengasse 6, 9490 Вадуз Лихтенштајн, г-н. Мирио Трои, италијански државјанин, XXX...., г-дин Енрико Ацетола, италијански државјанин, XXX...., г-дин Доминик Сливовски, полски државјанин, XXX..., и 365 Гиорни с.п.л. (365 Giornis.r.l.) друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште наViaGianCarloCastelbarco2, 20136, Милано, Италија, ќе стекнат заедничка контрола над ИТП С.А. (ITPS.A.), акционерско друштво, со регистрирано седиште на ул.Domaniewska37, 02-672 Варшава, Полска, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 03.08.2018 година, а дополнета на 20.08.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) прими известување за концентрација од НЕПТ Холдингс С.а.р.л. (NEPT Holdings S. à r.l.), приватно друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на 124, bld de la Petrusse, канцеларија 404, L-2330 Луксембург, („Непт”), согласно кое Непт, Фондацијата Луски, со регистрирано седиште во Herrengasse 6, 9490 Вадуз Лихтенштајн, („Фондација Луски”), г-н. Мирио Трои, италијански државјанин, XXX... („Г-дин Трои“), г-дин Енрико Ацетола, италијански државјанин, XXX.... („Г-дин Ацетола“), г-дин Доминик Сливовски, полски државјанин, XXX... („г-дин Сливовски“), и 365 Гиорни с.п.л. (365 Giornis. r. l.)друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на ViaGianCarloCastelbarco2, 20136, Милано, Италија, („365 Гиорни“) ќе стекнат заедничка контрола над ИТП С.А. (ITP S.A.), акционерско друштво со регистрирано седиште на ул.Domaniewska37, 02-672 Варшава, Полска (ИТП С.А.) во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренција.

Пред трансакцијата, ИТП С.А. е во директна сопственост на следните Основачи со следната поделба на акции: XXX ....[1]Ниту еден од основачите не поседува мнозински удел во ИТП С.А. и оттаму, ниту еден од основачите нема ефективна контрола над ИТП С.А. Согласно сегашната состојба, по влезот на 365 Гиорни во сопственичката структура на ИТП С.А. ниту еден од Основачите нема да го контролира ИТП С.А. исто така.

Според Прелиминарен договор за купопродажба, XXX ......

Имајќи ги предвид правата дадени на Основачите согласно Акционерскиот договор (и фактот дека Основачите ќе ги остварат своите права во однос на назначувањето на членовите на Надзорниот одбор заеднички, т.е. со консензус), Основачите ќе можат да влијаат на одлуките кои се однесуваат на стратешкото комерцијално однесување на ИТП С.А. заедно со Непт. Следствено, предложената Трансакција ќе доведе до стекнување на заедничка контрола од страна на Непт и секој од Основачите над ИТП С.А..

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Непт** е правно лице со специјална намена основано за потребите на оваа Трансакција. Непт е исклучиво контролиран од Абрис ФондIIIЛП (AbrisFundIIILP), еден од инвестициските фондови со кои управува Абрис Капитал Партнерс Лтд.

Групацијата Абрис е активна во Македонија преку една компанија - Гринтех МК д.о.о. Скопје, компанија активна на пазарот за рециклирање на пластика. Ова е истовремено единствениот пазар на кој Групацијата Абрис е активна во Македонија.

**Фондацијата Луски** е семејна фондација на која не и е дозволено да има деловна активност. Фондацијата може да поседува удели само за своите корисници – како дополнување на акциите кои ги има во ИТП С.А.

**Г-дин Трои** е Италијански државјанин, кој освен тоа што има удел во ИТП С.А. има контролирачки 75% од уделот во друго друштво кое е активно на пазарот за лиење на челик – Сотеко. Г-дин Трои исто така поседува контролирачки удел од 75% во друштвото Нуова Сотеко Срл „во ликвидација“, но ова друштво не е активно и се очекува да биде ликвидирано до крајот на 2018 година.

**Г-дин Ацетола** е Италијански државјанин, кој освен уделот во ИТП С.А., има контролирачки удел од 100% во едно друго друштво – агенција за маркетинг и комуникации Емпорио АДВ. Г-дин Ацетола е исто така единствен содружник на друштвото ББанг Срл, но ова друштво во моментот е во постапка на ликвидација.

**Г-дин Сливовски** е Полски државјанин, кој освен уделот во ИТП С.А., дејствува како претприемач – АГЕ Фарм Доминик Сливовски – и дава консултатски услуги единствено во Полска. Г-дин Сливовски е член на Управниот Одбор на ИТП С.А..

**365 Гиорни** е друштво кое дава технички консалтинг услуги за основање на друштва кои работат во секторите на биомедицина, оптоелектромедицина, козметика и нутрацеутика. 365 Гиорни е крајно контролирано од г-дин Зербинати Никола, Италијански државјанин. Освен уделите кои ги има во ИТП С.А., 365 Гиорни има контролирачки удел во две Италијански друштва (УБ-ЦАРЕ Срл, М2М Групација Срл заедно со 365 Гиорни „Групација 365 Гиорни“), како и да е овие друштва во секој случај не се активни на Македонскиот пазар.

**ИТП С.А, Полска** и неговите подружници кои се предмет на Трансакцијата („Таргет групацијата") се активни во секторот на естетска медицина, медицински помагала и

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

велнес опрема. Различни компании во рамките на Таргет групацијата произведуваат и дистрибуираат медицинска опрема/уреди и козметика (вклучувајќи дермални филери, енергетски уреди и козметички медицински производи) и дистрибуираат фитнес и велнес опрема.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**